Education
Public Schools

Ride a bicycle safely




# ИНФОРМАЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА

**ВИЕ СТЕ ОДГОВОРНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА ВАШИТЕ ДЕЦА КОГА ТИЕ ПАТУВААТ КОН И ОД УЧИЛИШТЕ.**

# Безбедно вози велосипед

Бидејќи малите деца се уште ги развиваат нивните способности сами да се превезуваат, тие најбезбедно може да возат велосипед, тротинет и скејтборд во заградени места.

Се додека децата се на возраст од најмалку 10 години, тие треба да возат велосипед, тротинет и скејтборд подалеку од сообраќај и приодните патеки за возила до куќи. Додека тие учат како да возат велосипед, важно е да возите велосипед или да пешачете покрај нив и да им зборувате колку е важно безбедно да го возат велосипедот.

Децата на возраст меѓу 10 и 12 години не треба да возат велосипед на прометните улици.

Децата помали од 16-годишна возраст и возрасните лица кои возат велосипед и ги придружуваат и надгледуваат може да возат на тротоар, освен ако има знаци со кои возењето на велосипеди е забрането.

**Учете ги вашите деца да бидат безбедни велосипедисти со тоа што секогаш ќе ги почитуваат следните правила:**

- да ги следат правилата за возење на велосипед на патишта, вклучувајќи:
  - да возат на левата страна од тротоарот
  - да им даваат предност на пешаците на тротоарите
  - да внимаваат на возила кои влегуваат или излегуваат од пристапни патеки за возила до куќи
- да носат соодветен заштитен шлем кога возат велосипед – тоа е утврдено со закон
- да носат облека во светла боја, на пример, елек, така што другите корисници на патиштата ќе можат да ги видат.

**За понатамошна поддршка**

Посетете ја Образовна програма за безбедност на патиштата на одделот на https://education.nsw.gov.au/road-safety-education или посетете https://education.nsw.gov.au и побарајте под образование за безбедност на патиштата.

**За повозрасни деца, внимателно размислете за следните работи кога ќе одлучувате дали тие се способни да возат велосипед самостојно:**

- Колку е безбеден патот по кој ќе возат велосипед?
- Дали се способни велосипедисти?
- Колку се свесни за околината околу нив во сообраќај?
- Колку добро можат да се справат со неочекувани опасности?

Вашето училиште има правила за ученици кои доаѓаат со велосипеди во училиштето. Осигурајте се вашите деца да ги почитуваат овие правила во секое време.

